

Шпаркасе Банка

# ВРАБОТУВА

# СОРАБОТНИК ЗА РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ

**ЛОКАЦИЈА**
СКОПЈЕ, Сектор за население/ Оддел за Развој на Производи

---

| **200 години групациско искуство -Erste & Steiermärkische Sparkasse** | **повеќе од 200.000 клиенти во земјата** | **36 експозитури** | **посветеност, кредибилитет и сигурност** |
|---|---|---|---|

Доколку имаш желба да бидеш дел од динамичен банкарски тим кој со отворен ум ги прифаќа секојдневните предизвици, имаш позитивен пристап во работата, покажуваш ентузијазам секогаш да бидеш најдобар во тоа што го работиш, имаш желба да учиш и да се развиваш преку организацијата и се трудиш да изнаjдеш иновативни и креативни начини за реализација на задачите, а воедно ти е важно да работиш во средина во која се вреднува тимскиот дух и фер однесување, те охрабруваме да ни се придружиш и заедно со нас секојдневно да ги живееш нашите корпоративни вредности!

## Што ќе биде твојата улога

Одговорност за развој и подобрување на постоечките производи и услуги за население и корпоративни клиенти (кредити, депозити, осигурувања, трансакциски сметки, пакети, гаранции, акредитиви и други производи и услуги), вклучувајќи го и управувањето со тарифата и каматните стапки за погоренаведените производи и услуги;

Одговорност за животниот век на производите, во смисла на нивно осмислување, воведување, тестирање, воведување на продукција и целосно активно следење на продукцијата (на ниво на производ, по региони), како и следење на приходите т.е. профитабилноста од производите со одредена пропишана временска динамика;

Способност за анализа на големи податоци ''Big Data" и соодветна презентација на истите со предлози за унапредување, оптимизирање и зголемување на профитабилност и ефикасност;

Способност за аналитичко и развојно размислување со користење на соодветни алатки;

Давање предлози за развој на нови производи вклучувајќи и проценка за развој на предлозите за воведување на нови производи, со акцент на дигитализација на секоја активност каде тоа е изводливо;

Давање предлози за прилагодување и редизајн на постоечките производи и услуги;

Координација на имплементацијата на новите и измената на постојните производи и функционалностите поврзани со истите, вклучувајќи изработка на бизнис анализа, подготовка на кориснички  спецификации, софтверски барања како и тестирање и потврда на испорачаните софтверски решенија во соработка со сите инволвирани страни во процесот;

Одговорност за креирање и ажурирање на каталог на производи;

Одговорност за ажурирање на каматни стапки по производи, тарифа, упатства, обрасци, формулари и материјали за поддршка на продажните организациони единици;

Истражувања и мониторинг на пазарните и конкурентските промени и трендов во земјата, групацијата и регионот како и давање предлози за адаптација на тарифните и каматните услови како и производите и услугите;

Соработка и комуникација со претставниците на другите институции и организации кои се поврзани со имплементација на одредени производи и услуги;

Изработка на извештаи и презентации за екстерни и интерни намени за Службата и останатите организациони делови во Банката или Групацијата.

---

## Кои квалификации се потребни

ВСС - Економски факултет, Факултет за информатика, Факултет за електротехника

Минимум 1-3 години работно искуство во областа

Претходно банкарско искуство на позицијата т.е. во сегментот на население ќе се смета за предност

Одлично познавање на основните информатички вештини (Micro-soft Office) и активно познавање на англиски јазик писмена и усна комуникација

Добро познавање на банкарските производи, услуги  и процеси, особено познавање на кредитните и депозитните производи, движењето на пазарот и познавање на информационите системи на банките

Способност за препознавање на потребите на клиентите, комуникативност, самоиницијативност, креативност, способност за аналитичко и развојно размислување, вештина  за брзо препознавање и решавање на проблемите, организациски способности, флексибилност и посветеност кон работата, способност за тимска работа.

## Кои ќе бидат твоите придобивки

Обезбедена обука за работа

Континуирана обука и можност за кариерен развој во банкарската групација Erste & Steiermärkische Sparkasse

Приватно здравствено осигурување

Конкурентна плата и дополнителни надоместоци

Мотивирачка организациска култура во која се почитува иницијативноста, ангажманот, но и тимскиот дух

Настани и активности за добросостојбата на вработените (employee's wellbeing)

Те охрабруваме да ја искористиш оваа можност и да аплицираш на отворената позиција со испраќање на CV и мотивационо писмо на **kariera@sparkasse.mk** заклучно со **24.01.2024** со назнака **„Апликација за СОРАБОТНИК ЗА РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ “**.

** Вашите апликации ќе имаат третман на строга доверливост. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг на селекција ќе бидат повикани на интервју.*

** Ве молиме за доставување на согласност Вашите податоци и поднесени документи да се чуваат во базата на податоци на Банката во период од 6 месеци, доколку сте согласни со истото. Оваа согласност кандидатот може да ја повлече во секое време со писмено барање.*

За дополнителни информации, посети ја страницата www.sparkasse.mk.

Те очекуваме!

**ТИ ЈА ПРАВИШ РАЗЛИКАТА!** #верувајвоиднината

SPARKASSE Bank